**ЗАПИСНИК**
**од 18–та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 17.06.2021 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: /

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба**: д-р Ивана Стојановска, м-р Владимир Ѓорѓиески, м-р Александар Џуваревиќ, Катерина Доневска, м-р Ружица Бошнакоска Јотевска

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата, едногласно го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 09.06.2021 година.
2. Предлог за изрекување мерка на ТВ Нова од Гевгелија за прекршување на член 41 од ЗААВМУ.
3. Предлог за поведување прекршочна постапка против операторот ВИВА НЕТ од Берово за прекршување на член 141 од ЗАВМУ.
4. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на ТВ Стар од Штип.
5. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: Канцелариски материјали.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 17-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 09.06.2021 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка на ТВ Нова од Гевгелија за прекршување на член 41 од ЗААВМУ. Објасни дека овој радиодифузер извршил промена на сопственичката структура без претходно Советот да донесе одлука со која ќе ја одобри истата. Од таа причина предлогот е да му се изрече мерка јавна опомена и при тоа тој е контактиран за да ја достави потребната документација со која ќе се одобри бараната промена.

Г-дин Петрушевски рече дека е зачуден колку е мала мерката за вакво прекршување на Законот. Од промената е видливо дека новиот сопственик е во роднинска врска со претходниот.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен вонреден, по службена должност административен надзор, бр.03-2067/1 од 27.05.2021 година и едногласно заклучи на Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија, да му изрече мерка јавна опомена поради тоа што спровело промена на сопственичката структура без претходно да ја извести Агенцијата што е спротивно на член 41 став 1 од ЗААВМУ и без истата да биде одобрена од страна на Агенцијата што е спротивно на член 41 став 2 од ЗААВМУ.

На Трговското радиодифузно друштво ТВ НОВА ДОО Гевгелија му се укажа во рок од седум дена од денот на приемот на опомената, во архивата на Агенцијата да достави:

- Податоци за физичкото лице Ѓорѓе Цундов, и тоа ЕМБГ, адреса на живеење и учество во основната главнина на радиодифузерот;
- Нотарски заверена изјава од физичкото лице Ѓорѓе Цундов дека со пристапувањето во сопственичката структура на радиодифузерот не ги прекршува одредбите од глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Нотарски заверена изјава од радиодифузерот (изјавата ја дава управителот на радиодифузерот) дека со промената на сопственичката структура не се прекршуваат одредбите од глава IV од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги;
- Тековна состојба за радиодифузерот издадена од Централниот регистар на РС Македонија (не постара од 15 дена од денот на издавањето).

Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за поведување прекршочна постапка против операторот ВИВА НЕТ од Берово за прекршување на член 141 од ЗААВМУ. Објасни дека со надзорот е констатирано дека операторот реемитувал програмскиот сервис кој што не е регистриран во Агенцијата. Бидејќи прекршокот го прави вторпат оваа година се предлага поведување на прекршочна постапка и веднаш да го исклучи каналот за кој што нема регистрација во Агенцијата.

Г-дин Петрушевски рече дека согласно материјалите станува збор за реемитување на програмскиот сервис „Reality Kings". Лично за него не е многу познат канал но и за кој да се работи не требало операторот тој прекршок да го направи по втор пат.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен програмски надзор бр.11-2318/1 од 10.06.2021 година на ТРД – оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово и утврди прекршување на член 141 од ЗААВМУ.

Советот едногласно заклучи против ТРД – оператор на кабелска мрежа ВИВА НЕТ ДООЕЛ Берово да се покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд бидејќи спротивно на член 141 од ЗААВМУ наведениот оператор на територија на општина Берово и општина Пехчево во својот програмски пакет го реемитува програмскиот сервис „Reality Kings" кој што не е регистриран во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 4**

Вишиот соработник од одделението за стратешко планирање Катерина Доневска ја образложи Предлог-одлуката за промена на сопственичката структура на ТВ Стар од Штип. Објасни дека оваа телевизија достави известување за промена на сопственичката структура на 10 јуни оваа година. Известувањето е комплетно и уредно. Станува збор за истапување на лицето Симјончо Марјанов и пристапување на Христијан Марјанов со учество од 90% во основната главнина. Направена е проверка во податоците во Централниот регистар на РСМ и ова лице не се јавува ниту како основач ниту како овластено лице во други трговски друштва, со што нема никаква законска пречка оваа промена да се реализира.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип, со текст како што беше предложена одлуката.

Со предложените промени во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво ТВ-СТАР ДОО Штип не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20 и 77/21) и тие не се спротивни на забраните од членовите 34, 35 став 2 или 38 од овој Закон.

Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителот на одделението за јавни набавки м-р Александар Џуваревиќ го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: Канцелариски материјали. Објасни дека оваа набавка се спроведува секоја година и е со проценета вредност од 254.000,00 денари. Целта на оваа набавка е да се овозможи непречено одвивање на работните активности во Стручната служба на Агенцијата. Набавката е од мала вредност.

Г-дин Петрушевски дообјасни дека станува збор за набавка за хартија, коверти, обрасци и слично. Посочи дека во техничката спецификација која е доставена во материјалите се е конкретно наведено. Констатира дека најверојатно не мора се што е наведено да се набави туку по потреба.

Раководителот Џуваревиќ објасни дека не мора сите средства да се потрошат туку тоа ќе се одвива сукцесивно, по потреба. Агенцијата нема обврска да ја потроши во целост проценетата вредност.

Г-дин Петрушевски рече дека трошењето на канцелариските материјали ќе се одвива домаќински.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување на директорот на Агенцијата за спроведување на постапката за јавна набавка за следниот предмет на јавна набавка-стока: Канцелариски материјали.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот-стока: Канцелариски материјали е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2021 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.05-2105/2 од 31.05.2021 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2021-та година.

**Точка 6**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр.** 02-2359/6
29.06.**2021 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

________________________

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**